РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-614/2

Скопје 19.02 2019г.

**До:**
**Трговско радиодифузно друштво**
**КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје**
**ул. „Скупи", бр.145, Скопје**

**Застапник / полномошник на барателот на информацијата:**
**Иван Мирчевски,**
**ул. "Драгиша Мишовиќ", Скопје**

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 06.02.2019 година, заверено со наш бр.12-614/1 од 06.02.2019 година, со кое барате да ви се достави одредена информација од јавен карактер, Ви доставуваме:

- Информација за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторите на јавни електонски комуникациски мрежи Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје, наш бр.11-5004/8 од 05.12.2017 година (како Прилог бр.1), од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

Со почит,

Прилог: (1)

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

**Имател на информација**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија
- Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

Бр. 11-5004/8

Скопје 08.12.2017г.

Предмет: Информација за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Почитувани,

Врз основа на надлежноста утврдена во член 18 став 1 алинеја 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Ве информираме дека постојат сомневања дека од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје е сторена повреда на авторските и сродните права.

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 06.11.2017 година, пристигна Барање (наш бр.11-5004/1 – Прилог бр.1) од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со кое ја известија Агенцијата дека Телевизија Телма има ексклузивни права за емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионални светски боксерски асоцијации од сите категории и врз основа на тие права бараа од Агенцијата да им наложи на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи да ги затемнуваат програмските сервиси РТЛ и РТЛ 2 – Хрватска во периодот кога на нив се емитуваат истите боксерски мечеви. По доставена комплетна документација - договори за уредени авторски и сродни права за емитување на наведените боксерски натпревари, од кои се констатираше дека Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје ги има обезбедено ексклузивните права за овие натпревари за територијата на Република Македонија, Агенцијата до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи упати налог за затемнување (бр.11-5004/4 од 10.11.2017 година – Прилог бр.2) со кој им наложи да ги затемнуваат програмските сервиси РТЛ и РТЛ 2 од Хрватска во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви.

На 30.11.2017 година, беше доставен нов допис (наш бр.11-5004/6 – Прилог бр.3) од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ, во кој беше наведено дека и покрај издадениот налог за затемнување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, операторите Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје не постапиле по истиот и продолжиле да ги реемитуваат програмските сервиси без затемнување во периодот кога на Телевизија Телма се емитуваат боксерски мечеви, за

што од страна на адвокатската канцеларија на 01.12.2017 година во прилог на дописот (наш бр.11-5004/7 – Прилог бр.4) е доставено и ЦД со видео запис и фотографии од неовластеното реемитување како доказ.

Со оглед на тоа дека од доставените известувања се јавува сомнеж за повреда на ексклузивните права за емитување на Телевизија Телма од страна на операторите Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје, во прилог Ви ги доставуваме погоре наведените дописи како и снимка и фотографии од емитуваната програма за Ваше натамошно постапување.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Прилози (4):

1. Барање од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје од 06.11.2017 (наш бр.11-5004/1);
2. Налог за затемнување (бр.11-5004/4 од 10.11.2017 година);
3. Допис од 30.11.2017 (наш бр.11-5004/6) од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ;
4. Допис од 01.12.2017 (наш бр.11-5004/7) со прилог ЦД со видео запис и фотографии од неовластеното реемитување како доказ од година.

Адвокатска Канцеларија ДУКОСКИ
САШКО ДУКОСКИ адвокат
Ул. 11 Октомври 16/4, Скопје, 1000
Телефон: +389 2 3119 783; 3119 782
Факс: +389 2 3119 685
Мобилен: 070 220 870
advokatdukoski@t.mk

DUKOSKI Law Office
SASKO DUKOSKI attorney at law
11 Oktomvri Str.16/4, Skopje, 1000
Phone: +389 2 3119 783; 3119 782
Fax: +389 2 3119 685
Mobile: 070 220 870
advokatdukoski@t.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
Медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 06. 11. 2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 5004 | 1 | |

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија
Палата Панко Брашнаров
Ул.”Македонија” бр.38
1000 Скопје

Предмет: Барање

Од: адвокат Сашко Дукоски од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма)

Почитувани,

Со ова барање, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно тело се обраќам до Вас, во својство на полномошник на ТВ Телма за следното:

1. Ве молам да ме известите дали правните лица и тоа МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје и оне.ВИП ДОО Скопје, имаат регистриран програмски пакет кој ја вклучува програмата на телевизиските канали RTL и RTL 2-Hrvatska на хрватски јазик.

2. Доколку имаат таков програмски пакет кој ја вклучува програмата на наведените телевизиски канали, Ве молам да ги известите дека е потребно да извршат затемнување на телевизискиот програм кој се емитува на телевизиските канали RTL и RTL 2-Hrvatska, во термини кога се емитуваат боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории.

Ова од причина што мојот клиент, ТВ Телма има склучено договор со кој стекнува ексклузивни права за пренос на горенаведените боксерски мечеви за територијата на Република Македонија, па емитувањето на овие боксерски мечеви од страна на именуваните кабелски оператори преку телевизискиот канал RTL 2-Hrvatska во исто време како и ТВ Телма која

ги има ексклузивните права за емитување за територијата на Република Македонија, и нанесува голема материјална штета на оваа телевизија.

Од овие причини, се обраќам до Вас како надлежно тело, во рамки на Вашите надлежности, доколку кабелските оператори го имаат телевискиот канал RTL 2-Hrvatska регистрирано во програмскиот пакет, да ги известите програмата на овој канал да ја затемнуваат во термини кога се емитуваат наведените боксерски мечеви за кои ТВ телма има откупено ексклузивни права за територијта на Република Македонија.

Ви стојам на располагање за сите евентуално потребни податоци, документи, исправи и се она што сметате за потребно во врска со ова барање.

За таа цел во прилог Ви ги доставувам моите податоци:

Адвокат Сашко Дукоски
Ул.11 Октомври, бр.16/4, Скопје
Тел. 02 3 119 783
070 220 870
e-mail: advokatdukoski@t.mk

Со почит,

Адвокат Сашко Дукоски

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа

______________________________

За: Управителот

Бр. 11-5004/4

Скопје 10.11.2017г.

Предмет: Налог за затемнување на програмски сервиси

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, адвокат Сашко Дукоски од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје достави допис (бр.11-5004/2 од 09.11.2017 година) кон кој е приложен договор за лиценцирање телевизиска програма.

Од приложениот договор кој ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ го склучила со „Друштво за продукција на ТВ програма Медиа Ком ДООЕЛ Скопје" како давател на лиценцата, може да се види дека на ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ им се пренесени ексклузивните права за телевизиско емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории. Правата кои се пренесени се однесуваат за територијата на Република Македонија, а се со важност до 30 јуни 2018 година.

Врз основа на доставениот договор за уредени права, а во интерес на почитување на ексклузивните права на ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ, Ви наложуваме да ги затемнувате програмските сервиси „РТЛ" и „РТЛ 2" од Хрватска во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви.

Ви напоменуваме дека доколку Агенцијата констатира дека одреден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа не го почитува овој налог за затемнување, веднаш ќе ја извести ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ со цел истата да преземе мерки за заштита на своите права. Исто така и Агенцијата, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе преземе мерки за санкционирање на таквите дејствија.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
по овластување на Директор,

м-р Драгица Љубевска

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Адвокатска Канцеларија ДУКОСКИ
САШКО ДУКОСКИ адвокат
Ул. 11 Октомври 10/4, Скопје, 1000
Телефон: +389 2 3119 783; 3119 782
Факс: +389 2 3119 685
Мобилен: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

DUKOSKI Law Office
SASKO DUKOSKI attorney at law
11 Oktomvri Str.10/4, Skopje, 1000
Phone: +389 2 3119 783; 3119 782
Fax: +389 2 3119 685
Mobile: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 30. 11. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5004/6 | 1 | |

Врска: Ваш број 11-5004/2 и 11-5004/4

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија

Почитувани,

Од наша страна до Вас беше доставен допис заведен под бр.11-5004/2 кон кој е приложен договор за лиценцирање на телевизиска програма, видно кој на ТЕЛМА ДООЕЛ Скопје и се пренесени ексклузивните права за телевизиско емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории, кои се со важност до 30 јуни 2018 година.

Во врска со тоа, Вие до операторите на јавна електеронска комуникациска мрежа доставивте налог за затемнување на програмските сервиси "РТЛ" и "РТЛ 2" од Хрватска во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви, а по извршен вонреден програмски надзор од Ваша страна.

Овој налог е заведен под бр.11-5004/4 од 10.11.2017 год.

Со ова писмено, како полномошник на ТЕЛМА ДООЕЛ Скопје, Ве известувам дека по извршена проверка од наша страна, утврдено е дека во периодот од 22 часот до 00.20 часот на ден 25.11.2017 год., како и неколкупати претходно, од страна на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа оне.ВИП и Македонски Телеком не беше почитуван овој налог, односно во истиот термин кога на ТВ Телма се емитуваше боксерскиот меч, не беа затемнети програмските сервиси "РТЛ" и "РТЛ 2" од Хртватска од страна на операторите кои ги реемитуваат овие програмски сервиси.
Особено, на ден 25.11.2017 год. од страна на операторот оне.ВИП при што неовластеното прикажување на бокс мечот е снимено од наша страна.

Од тие причини, се обраќам до Вас, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да преземете мерки за санкционирање на ваквите дејствија, а од наша страна ќе бидат преземени сите законски мерки за заштита на правата.

1102
10

Со почит,

Скопје, 30.11.2017 год.

За ТВ ТЕЛМА,
Полномошник, адвокат Сашко Дукоски

Адвокатска Канцеларија ДУКОСКИ
САШКО ДУКОСКИ, адвокат
Ул. 11 Октомври 16/4, Скопје, 1000
Телефон: +389 2 3119 783; 3119 782
Факс: +389 2 3119 685
Мобилен: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

DUKOSKI Law Office
SASKO DUKOSKI, attorney at law
11 Oktomvri Str.16/4, Skopje, 1000
Phone: +389 2 3119 783; 3119 782
Fax: +389 2 3119 685
Mobile: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 01. 12. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5004/7 | 1 | |

Врска: Ваш број 11-5004/2 и 11-5004/4

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви доставувам ЦД со снимки и фотографии за неовластено емитувани бокс мечеви од страна на операторите на јавна електронска комуникација Македонски Телеком и оне.ВИП на програмските сервиси "РТЛ" Хрватска, во истите термини кога овие мечеви се емитувани на ТВ Телма и за кои истата има ексклузивни права за телевизиско емитување на територијата на Р.Македонија со важност до 30 јуни 2018 година.

Од доставените снимки е видно дека на каналот 501 на кој се емитува програмскиот сервис "РТЛ" Хрватска од страна на Македонски Телеком, се емитува во живо бокс меч, како и на соодветниот канал на кој се емитува програмскиот сервис 'РТЛ" Хрватска од страна на оне.ВИП, на ден 28.10.2017 год., во периодот од 23.00 до 00.20 часот, односно целиот пренос со воведни борби од 20.57 до 00.20 часот.

Овие мечеви на наведените програми се емитуваат истовремено, во живо, во период кога се емитувани и на ТВ Телма на која и се пренесени ексклузивните права за телевизиско емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории. На ова реагиравме со допис до Вас, заведен под бр.11-5004/2, за што Вие издадовте налог за затемнување на овие програмски сервиси во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви, заведен под бр.11-5004/4. Овој налог е издаден по извршен вонреден програмски надзор од Ваша страна, при што е утврдено дека операторот оне.ВИП воопшто ги нема регистрирано овие телевизиски канали во својот приограмски пакет, од што произлегува дека наведениот меч го прикажувала без било какво право за тоа односно извршила чиста пиратерија.

Воедно Ве известувам дека и покрај Вашиот налог за затемнување на програмските сервиси "РТЛ" и "РТЛ 2" Хрватска упатен до операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, истите не го почитуваат овој налог и продолжуваат да ги емитуваат програмските сервиси без затемнување во период кога се емитуваат боксерски мечеви на ТВ Телма.

Уште повеќе, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа оне.ВИП, продолжува да ги емитува програсмките сервиси "РТЛ " и "РТЛ 2" Хрватска, иако воопшто ги нема регистрирано во своите програмски пакети, а кое нешто е регистрирано-снимено на ден 14.11.2017 год. и доставено како доказ-снимка на ЦД-то наведено погоре, кое Ви го доставуваме во прилог на овој допис.

Ова го доставуваме на Ваше понатамошно постапување.

Во прилог: ЦД со запис на неовластено прикажување на бокс меч од 28.10.2017 год., преку РТЛ Хрватска од Македонски Телеком и оне.ВИП и неовластено емитување на РТЛ Хрватска од страна на оне.ВИП на ден 14.11.2017 год.

Со почит,

Скопје, 01.12.2017 год.

За ТВ ТЕЛМА,
Полномошник, адвокат Сашко Дукоски

АДВОКАТ
ДУКОСКИ
ул. 11-ти Октомври бр.16/4 Скопје
тел. 3119-783; 070 220-870

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија
- Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

Бр. 11-5004/8

Скопје 08.12.2017г.

Предмет: Информација за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје

Почитувани,

Врз основа на надлежноста утврдена во член 18 став 1 алинеја 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Ве информираме дека постојат сомневања дека од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје е сторена повреда на авторските и сродните права.

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 06.11.2017 година, пристигна Барање (наш бр.11-5004/1 – Прилог бр.1) од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со кое ја известија Агенцијата дека Телевизија Телма има ексклузивни права за емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионални светски боксерски асоцијации од сите категории и врз основа на тие права бараа од Агенцијата да им наложи на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи да ги затемнуваат програмските сервиси РТЛ и РТЛ 2 – Хрватска во периодот кога на нив се емитуваат истите боксерски мечеви. По доставена комплетна документација - договори за уредени авторски и сродни права за емитување на наведените боксерски натпревари, од кои се констатираше дека Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје ги има обезбедено ексклузивните права за овие натпревари за територијата на Република Македонија, Агенцијата до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи упати налог за затемнување (бр.11-5004/4 од 10.11.2017 година - – Прилог бр.2) со кој им наложи да ги затемнуваат програмските сервиси РТЛ и РТЛ 2 од Хрватска во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви.

На 30.11.2017 година, беше доставен нов допис (наш бр.11-5004/6 – Прилог бр.3) од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ, во кој беше наведено дека и покрај издадениот налог за затемнување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, операторите Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје не постапиле по истиот и продолжиле да ги реемитуваат програмските сервиси без затемнување во периодот кога на Телевизија Телма се емитуваат боксерски мечеви, за

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

што од страна на адвокатската канцеларија на 01.12.2017 година во прилог на дописот (наш бр.11-5004/7 – Прилог бр.4) е доставено и ЦД со видео запис и фотографии од неовластеното реемитување како доказ.

Со оглед на тоа дека од доставените известувања се јавува сомнеж за повреда на ексклузивните права за емитување на Телевизија Телма од страна на операторите Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје, во прилог Ви ги доставуваме погоре наведените дописи како и снимка и фотографии од емитуваната програма за Ваше натамошно постапување.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Прилози (4):

1. Барање од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје од 06.11.2017 (наш бр.11-5004/1);
2. Налог за затемнување (бр.11-5004/4 од 10.11.2017 година);
3. Допис од 30.11.2017 (наш бр.11-5004/6) од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ;
4. Допис од 01.12.2017 (наш бр.11-5004/7) со прилог ЦД со видео запис и фотографии од неовластеното реемитување како доказ од година.

Адвокатска Канцеларија ДУКОСКИ
САШКО ДУКОСКИ адвокат
Ул. 11 Октомври 16/4, Скопје, 1000
Телефон: +389 2 3119 783; 3119 782
Факс: +389 2 3119 685
Мобилен: 070 220 870
advokatdukoski@t.mk

DUKOSKI Law Office
SASKO DUKOSKI attorney at law
11 Oktomvri Str.16/4, Skopje, 1000
Phone: +389 2 3119 783; 3119 782
Fax: +389 2 3119 685
Mobile: 070 220 870
advokatdukoski@t.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5004 | 1 | |

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија
Палата Панко Брашнаров
Ул."Македонија" бр.38
1000 Скопје

Предмет: Барање

Од: адвокат Сашко Дукоски од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма)

Почитувани,

Со ова барање, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно тело се обраќам до Вас, во својство на полномошник на ТВ Телма за следното:

1. Ве молам да ме известите дали правните лица и тоа МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје и оне.ВИП ДОО Скопје, имаат регистриран програмски пакет кој ја вклучува програмата на телевизиските канали RTL и RTL 2-Hrvatska на хрватски јазик.

2. Доколку имаат таков програмски пакет кој ја вклучува програмата на наведените телевизиски канали, Ве молам да ги известите дека е потребно да извршат затемнување на телевизискиот програм кој се емитува на телевизиските канали RTL и RTL 2-Hrvatska, во термини кога се емитуваат боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории.

Ова од причина што мојот клиент, ТВ Телма има склучено договор со кој стекнува ексклузивни права за пренос на горенаведените боксерски мечеви за територијата на Република Македонија, па емитувањето на овие боксерски мечеви од страна на именуваните кабелски оператори преку телевизискиот канал RTL 2-Hrvatska во исто време како и ТВ Телма која

ги има ексклузивните права за емитување за територијата на Република Македонија, и нанесува голема материјална штета на оваа телевизија.

Од овие причини, се обраќам до Вас како надлежно тело, во рамки на Вашите надлежности, доколку кабелските оператори го имаат телевискиот канал RTL 2-Hrvatska регистрирано во програмскиот пакет, да ги известите програмата на овој канал да ја затемнуваат во термини кога се емитуваат наведените боксерски мечеви за кои ТВ телма има откупено ексклузивни права за територијта на Република Македонија.

Ви стојам на располагање за сите евентуално потребни податоци, документи, исправи и се она што сметате за потребно во врска со ова барање.

За таа цел во прилог Ви ги доставувам моите податоци:

Адвокат Сашко Дукоски
Ул.11 Октомври, бр.16/4, Скопје
Тел. 02 3 119 783
070 220 870
e-mail: advokatdukoski@t.mk

Со почит,

Адвокат Сашко Дукоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа

______________________________

За: Управителот

Предмет: Налог за затемнување на програмски сервиси

Бр. 11-5004/4
Скопје 10.11.2017г.

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, адвокат Сашко Дукоски од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје достави допис (бр.11-5004/2 од 09.11.2017 година) кон кој е приложен договор за лиценцирање телевизиска програма.

Од приложениот договор кој ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ го склучила со „Друштво за продукција на ТВ програма Медиа Ком ДООЕЛ Скопје" како давател на лиценцата, може да се види дека на ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ им се пренесени ексклузивните права за телевизиско емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории. Правата кои се пренесени се однесуваат за територијата на Република Македонија, а се со важност до 30 јуни 2018 година.

Врз основа на доставениот договор за уредени права, а во интерес на почитување на ексклузивните права на ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ, Ви наложуваме да ги затемнувате програмските сервиси „РТЛ" и „РТЛ 2" од Хрватска во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви.

Ви напоменуваме дека доколку Агенцијата констатира дека одреден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа не го почитува овој налог за затемнување, веднаш ќе ја извести ТЕЛМА ДООЕЛ СКОПЈЕ со цел истата да преземе мерки за заштита на своите права. Исто така и Агенцијата, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе преземе мерки за санкционирање на таквите дејствија.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
по овластување на Директор,

м-р Драгица Љубевска

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008

Адвокатска Канцеларија ДУКОСКИ
САШКО ДУКОСКИ адвокат
Ул. 11 Октомври 10/4, Скопје, 1000
Телефон: +389 2 3119 783; 3119 782
Факс: +389 2 3119 685
Мобилен: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

DUKOSKI Law Office
SASKO DUKOSKI attorney at law
11 Oktomvri Str.10/4, Skopje, 1000
Phone: +389 2 3119 783; 3119 782
Fax: +389 2 3119 685
Mobile: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30. 11. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5004/6 | 1 | |

Врска: Ваш број 11-5004/2 и 11-5004/4

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија

Почитувани,

Од наша страна до Вас беше доставен допис заведен под бр.11-5004/2 кон кој е приложен договор за лиценцирање на телевизиска програма, видно кој на ТЕЛМА ДООЕЛ Скопје и се пренесени ексклузивните права за телевизиско емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории, кои се со важност до 30 јуни 2018 година.

Во врска со тоа, Вие до операторите на јавна електеронска комуникациска мрежа доставивте налог за затемнување на програмските сервиси "РТЛ" и "РТЛ 2" од Хрватска во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви, а по извршен вонреден програмски надзор од Ваша страна.

Овој налог е заведен под бр.11-5004/4 од 10.11.2017 год.

Со ова писмено, како полномошник на ТЕЛМА ДООЕЛ Скопје, Ве известувам дека по извршена проверка од наша страна, утврдено е дека во периодот од 22 часот до 00.20 часот на ден 25.11.2017 год., како и неколкупати претходно, од страна на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа онe.ВИП и Македонски Телеком не беше почитуван овој налог, односно во истиот термин кога на ТВ Телма се емитуваше боксерскиот меч, не беа затемнети програмските сервиси "РТЛ" и "РТЛ 2" од Хртватска од страна на операторите кои ги реемитуваат овие програмски сервиси.

Особено, на ден 25.11.2017 год. од страна на операторот one.ВИП при што неовластеното прикажување на бокс мечот е снимено од наша страна.

Од тие причини, се обраќам до Вас, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да преземете мерки за санкционирање на ваквите дејствија, а од наша страна ќе бидат преземени сите законски мерки за заштита на правата.

Со почит,

Скопје, 30.11.2017 год.

За ТВ ТЕЛМА,
Полномошник, адвокат Сашко Дукоски

Адвокатска Канцеларија ДУКОСКИ
САШКО ДУКОСКИ, адвокат
Ул. 11 Октомври 16/4, Скопје, 1000
Телефон: +389 2 3119 783; 3119 782
Факс: +389 2 3119 685
Мобилен: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

DUKOSKI Law Office
SASKO DUKOSKI, attorney at law
11 Oktomvri St.16/4, Skopje, 1000
Phone: +389 2 3119 783; 3119 782
Fax: +389 2 3119 685
Mobile: 070 220 870
advokatdukoski@t-home.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 01.12.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5004/7 | 1 | |

Врска: Ваш број 11-5004/2 и 11-5004/4

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви доставувам ЦД со снимки и фотографии за неовластено емитувани бокс мечеви од страна на операторите на јавна електронска комуникација Македонски Телеком и оне.ВИП на програмските сервиси "РТЛ" Хрватска, во истите термини кога овие мечеви се емитувани на ТВ Телма и за кои истата има ексклузивни права за телевизиско емитување на територијата на Р.Македонија со важност до 30 јуни 2018 година.

Од доставените снимки е видно дека на каналот 501 на кој се емитува програмскиот сервис "РТЛ" Хрватска од страна на Македонски Телеком, се емитува во живо бокс меч, како и на соодветниот канал на кој се емитува програмскиот сервис 'РТЛ" Хрватска од страна на оне.ВИП, на ден 28.10.2017 год., во периодот од 23.00 до 00.20 часот, односно целиот пренос со воведни борби од 20.57 до 00.20 часот.

Овие мечеви на наведените програми се емитуваат истовремено, во живо, во период кога се емитувани и на ТВ Телма на која и се пренесени ексклузивните права за телевизиско емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионалните светски боксерски асоцијации и од сите категории. На ова реагиравме со допис до Вас, заведен под бр.11-5004/2, за што Вие издадовте налог за затемнување на овие програмски сервиси во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви, заведен под бр.11-5004/4. Овој налог е издаден по извршен вонреден програмски надзор од Ваша страна, при што е утврдено дека операторот оне.ВИП воопшто ги нема регистрирано овие телевизиски канали во својот приограмски пакет, од што произлегува дека наведениот меч го прикажувала без било какво право за тоа односно извршила чиста пиратерија.

Воедно Ве известувам дека и покрај Вашиот налог за затемнување на програмските сервиси "РТЛ" и "РТЛ 2" Хрватска упатен до операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, истите не го почитуваат овој налог и продолжуваат да ги емитуваат програмските сервиси без затемнување во период кога се емитуваат боксерски мечеви на ТВ Телма.

Уште повеќе, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа оне.ВИП, продолжува да ги емитува програсмките сервиси "РТЛ " и "РТЛ 2" Хрватска, иако воопшто ги нема регистрирано во своите програмски пакети, а кое нешто е регистрирано-снимено на ден 14.11.2017 год. и доставено како доказ-снимка на ЦД-то наведено погоре, кое Ви го доставуваме во прилог на овој допис.

Ова го доставуваме на Ваше понатамошно постапување.

Во прилог: ЦД со запис на неовластено прикажување на бокс меч од 28.10.2017 год., преку РТЛ Хрватска од Македонски Телеком и оне.ВИП и неовластено емитување на РТЛ Хрватска од страна на оне.ВИП на ден 14.11.2017 год.

Со почит,

Скопје, 01.12.2017 год.

За ТВ ТЕЛМА,
Полномошник, адвокат Сашко Дукоски

АДВОКАТ
САШКО ДУКОСКИ
ул. 11 Октомври бр.10/1 Скопје
тел. 3119-783; 070 220-870